# МЕДИУМСКИ ПОСРЕДУВАНА ПОЛИТИЧКА ТРАУМА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***-Предизвиците на личноста во посредуваната реалност во 21 век-***

Проф.д-р Елеонора Серафимовска
Проф.д-р Маријана Марковиќ

**АПСТРАКТ**

Македонија доживеа години на многу клучни политички настани со долготрајни последици и кризи од нејзиното осамостојување до денес. Личноста на овие простори е сведок на многу настани во современото политичко живеење кои предизвикуваат многу психички одговори, реакции, почнувајќи од специфични модели на перцепција и сознавање, преку доживување на многу емоции и чувства до промени во однесувањето. Разбирањето на овие настани ќе зависи од индивидуалната перцепција создадена како резултат на лично искуство и/или посредувано офлајн и онлајн искуство. Сметаме дека денес, во ерата на технолошкиот развој и пространства, секое човечко искуство е на некој начин посредувано.

Во оваа временска рамка од 20 години од 21 милениум беа спроведи неколку научни истражувања кои ги испитуваа предизвиците на личноста кога се соочува со важни политички настани,кои имаат такво потенцијално разорно дејство што ги квалификува како политички трауми. Всушност, главното истражувачко прашање/и низ овие години беше како личноста ги восприема важните политички настани посредувани преку многу различни медиуми, кои емоции и мотиви се предизвикуваат и како сето тоа ќе влијае на менталното здравје на личноста. Оваа презентација ќе направи обид да ги сумира податоците од девет истражувања во една сеопфатна анализа и да го обликува моделот на реалниот и медиумскиот временски простор во кој живее личноста во 21иот века во Република Македонија и како таа реагира во овој простор.

Најдоминантните емоции предизвикани од начинот на кој медиумите ја прикажуваат реалноста беа главно негативни (страв, гнев, бес); доминантно испровоцираните потреби и мотиви беа основните мотиви, мотивот за припадност и безбедност и мотивот за правда. Политичките настани предизвикаа и вербална агресија во кибер просторот, омраза и меѓуетничка нетрпеливост. Сите психолошки процеси предизвикани од медиумите го наметнуваат прашањето за медиумската етика и медиумското влијание врз менталното здравје на граѓаните.

*Клучни зборови: личност; политички настани; медиуми; посредувана реалност; емоции; когниција*